**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

# ОГЛАС
## за поднесување барање за полагање на стручен испит за проценувачи од областа: земјоделство

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ги повикува сите заинтересирани лица кои ги исполнуваат условите за полагање на стручен испит за проценувач и кои поседуваат сертификат за завршена обука, да поднесат барање за полагање на стручен испит од областа на:

## ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Согласно член 12 од Законот за процена се спроведува стручен испит заради оценување на потребното стручно знаење на кандидатите. Стручниот испит се состои од писмен и усмен дел и се полага според програма објавена во Службен весник на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 17/2012)
Кандидатите кои посетувале и завршиле почетна обука од наведената област на процена треба да поднесат БАРАЊЕ до архивата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство или по пошта на адреса: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство ул.Аминта Трети бр.2 Скопје.

1. Барањето (исклучиво во печатена форма) треба да содржи:

- Име и презиме на барателот и точна адреса на живеење,
- Телефон за контакт (фиксен, мобилен) и електронска адреса (Е-маил адреса),
- Уплатница (образец ПП /50) за уплатени парични средства за трошоци за полагање во износ од 5.000,00 денари

| | |
|---|---|
| назив на примачот: | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; |
| Банка на примачот: | НБРМ; Трезорска сметка: 100000000063095; |
| Сметка на буџетски корисник: | 140010028063119; |
| Приходна шифра и програма: | 725930 10; |
| Цел на дознака: | полагање на стручен испит од областа на: земјоделството |

2. Кон БАРАЊЕТО во прилог се доставува:

- серификат за завршена обука;

3. Корисниците на социјална помош се ослободени од плаќање на трошоците за полагање на стручен испит со доставување на потврда за корисник на социјална помош, која не може да биде постара од 15 дена од денот на објавување на Известувањето.
4. Надоместокот за трошоците за полагање на стручен испит за лица кои повеќе од шест месеци се невработени, изнесува 1.500,00 денари, за што е потребно да се достави потврда за невработеност која не може да биде постара од 15 дена од денот на објавување на Огласот.
5. Полагањето на стручниот испит за овластен проценувач од областа – земјоделство ќе се спроведе во следниот термин:

   - Писмениот дел и усниот дел ќе се полагаат на 05.12.2014 година (петок) со почеток од 11 часот во просториите на Факултетот за земјоделски науки и храна.
6. Полагањето на стручниот испит ќе се одржи во амфитеатар на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.
7. Краен рок за поднесување на барањето до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е 04.12.2014 година.
8. Огласот ќе биде објавен и на Веб страната на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство: www.mzsv.gov.mk

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО